Врз основа на член 8-а од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003,17/2004, 69/2004, 81/2005 61/2006,36/2007, 161/2008, 6/2009 и 114/2009 и 35/2010), директорот на Агенцијата за државни службеници донесе

# У П А Т С Т В О

## з а начинот на примена на додатокот на плата за кариера на државните службеници

### Член 1

Со ова Упатство се уредува начинот на примена на додатокот на плата за кариера на државните службеници.

### Член 2

Државниот службеник, се стекнува со соодветен степен на кариера со исполнување на условите од Законот за државните службеници.

### Член 3

(1) Одделението за управување со човечки ресурси, најдоцна до 10 јули секоја година подготвува список на државни службеници кои на 30 јуни во тековната година ги исполнуваат условите за стекнување со соодветен степен на кариера од членот 37 од Законот за државните службеници.

(2) Согласно одредбите на Законот за државните службеници секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од членот 3 став (2) на овј закон каде што не се именува секретар, најдоцна до 20 јули, донесува решенија за стекнување со соодветен степен на кариера и исплата на додаток на плата за кариера.

(3) Решението за стекнување со соодветен степен на кариера се доставува до организациската единица на органот, надлежна за финансиски прашања.

(4) Исплатата на додатокот на плата за кариера започнува со исплатата на плата за месец јули.

### Член 4

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Број 01-3435/1<br>21.07.2010 година

ДИРЕКТОР<br>Александар ГЕШТАКОВСКИ